# Адвентистичка мисија
## за млади и возрасни

**2020 • ТРЕТО ТРИМЕСЕЧЈЕ** • ЗАПАДНА ЦЕНТРАЛНОАФРИКАНСКА ДИВИЗИЈА





AdventistMission.org

# Содржина

**На предната корица од списанието:** *Анжелик Абеме се молела шест години за нејзиниот отуѓен сопруг Петер да го запознае Бога во Габон. А потоа се случило нешто неверојатно. Нивното искуство можете да го прочитате на страница 11 од вашето списание.*

### ЛИБЕРИЈА


**4** Училиште за Либерија / 4 јули 🅃
**7** Лесно постигнато читање / 11 јули
**9** Долг пат назад до дома / 18 јули 🅃


### ГАБОН


**11** Молитвата го спасува бракот / 25 јули 🅃
**13** Обложување на коњи / 1 август
**16** Сладок, тивок глас / 8 август


### ГВИНЕЈА


**18** Молитва и прогонство / 15 август
**21** Пост за едно семејство / 22 август 🅃
**23** Ползи како бебе / 29 август
**26** Чудните соништа и девојчето / 5 септември 🅃
**28** Неписмена, но може да чита / 12 септември 🅃
**31** Мајка со убиствена намера / 19 септември
**33** Програма на 13-тата сабота: Конечно слободна / 26 септември
**37** Идни проекти на 13. сабота
**38** Извори на информации


🅃 = **Искуства кои посебно можат да ги заинтересираат тинејџерите**

# Вашите дарувања на дело





**Пред три години, дел од даровите на 13-тата сабота беше употребен за изградба на адвентистичкото средно училиште во главниот град на Габон, Либрвил. Училиштето е сликано за време на градежните работи во март 2019 година, а ќе биде отворено за прием на 280 ученици во октомври 2020 година. Прочитајте ги искуствата од Габон на страниците од 10 – 15 од вашето списание, и преземете ги сликите од овој и од другите проекти на 13-тата сабота од: bit.ly/WAD-2020.**

SEVENTH-DAY ADVENTIST CHURCH®


© 2020 General Conference of Seventh-day Adventists® • All rights reserved



12501 Old Columbia Pike,
Silver Spring, MD 20904-6601
1-800-648-5824 • AdventistMission.org

## Драг водачу на саботната школа,

Ова тримесечје ќе се посветиме на Западната централноафриканска дивизија (ЗЦАД) во која се наоѓаат 22 држави: Бенин, Буркина Фасо, Капе Верде, Централноафриканската Република, Чад, Конго, Екваторијална Гвинеја, Габон, Гамбија, Гвинеја, Гвинеја Бисао, Брегот на Слоновата Коска, Либерија, Мали, Мавританија, Нигерија, Сенегал, Сиера Леоне и Того.

Во оваа област живеат 436 милиони луѓе, од кои 834.183 се верници на адвентистичката црква, што претставува однос од 1 адвентисти на секои 523 луѓе.

Значајната улога што ја има адвентистичкото образование во ширењето на евангелието стана мошне видлива додека ги собирав искуствата од трите држави, Гвинеја и Либерија, кои ќе примат дел од даровите на 13-тата сабота за да отворат училишта во текот на ова тримесечје, и Габон, кој веќе прими средства од даровите на 13-тата сабота за изградба на училиште во 2017 година.

„Образованието е клуч за развојот на црквата во Западна Африка", ми рече Алексис Куадио, помошник во канцеларијата на пионерите на светската мисија за Западната централноафриканска дивизија, додека патувавме заедно за да ги посетиме овие три држави.

Забележавме дека 75% од адвентистичките училишта се лоцирани во Гана, во која живеат речиси половина од верниците на оваа дивизија.

„Црквата не е јака во државите на француското говорно подрачје", рече Алексис. „Потребно е да им помогнеме со отворање на училишта, па дури и на мали клиники".

Гвинеја и Габон се земји од француското говорно подрачје, додека во Либерија и Нигерија се зборува на англиски јазик.

**Специјални карактеристики**

Ако сакате да ја направите својата саботна школа поинтересна, можете да го преземете Мисионското списание во PDF верзија од линкот: bit.ly/WAD-fastfacts- 2020 или да читате и на фејсбук. Посетете ја нашата фејсбук страница и ставете ми се допаѓа (Facebook.com/missionquarterlies).

Искористете ги предностите на мисионските стории во видеозаписот, кој ги изнесува искуствата на луѓето од целиот светот, со посебен фокус на оние што ќе ги примат мисионските дарови на 13-тата сабота. Ако сакате, можете да добиете опис на секој видеоклип и линк на интернет, за да можете да преземете апликација, или да ги гледате видеоклиповите онлајн.

Секоја седмица поставуваме дополнителни слики и занимливости кои можете да ги преземете и да ги при-

## Можности

Даровите на 13-тата сабота за ова тримесечје ќе бидат употребени за:

- Изградба на академијата „Кобаја", училиште од 1 до 12 одделение во Конакри, во Гвинеја.
- Отворање на основни училишта/центри на влијанија во Бучанану, во Либерија.
- Воспоставување медицински центар во Абуџи во Нигерија.

кажувате во својата класа на компјутер или на мобилен телефон додека ги читате мисионските стории, или можете да ги испечатите и со сликите да ја декорирате просторијата на саботната школа или вашата саботношколска табла.

**Дополнителни информации и активности:** Во одделот ИЗВОРИ, можете да најдете неколку вебсајтови кои можат да ви помогнат, како и дополнителен материјал за вашите мисионски презентации. За дополнителни информации можете директно да ме контактирате на mcchesneya@gc.adventist.org

Вашата поддршка во мисионството е значајна за единството на црквата.

Ви благодариме што помагате членовите на вашата саботношколска класа да се запознаат со своите духовни браќа и сестри ширум светот, и што ги охрабрувате да учествуваат во мисионството на црквата со помош на вашите дарувања.

Од срце ви посакувам изобилство Божји благослови!

Ендрју Мекчизни,
*Уредник на списанието*





# Училиште за Либерија

ЛИБЕРИЈА | 4 јули 2020

**Б. Дарлингтон Тиа, 59**

Б. Дарлингтон Тиа пораснал во христијанска црква во која неговиот татко бил ѓакон, а неговата мајка се молела за болните членови.

Мајка му била многу посветена на црквата, но татко му не. Припаѓал на некое тајно друштво и кога Дарлингтон имал седум години, го повикал момчето да стане член на тоа друштво.

„Сине, твојот прадедо и другите предци беа членови на ова друштво", му рекол. „Би требало и ти да се придружиш, па да можеш да ме замениш кога ќе умрам".

Но Дарлингтон не бил заинтересиран да му се придружи на тајното друштво. Знаел дека неговите членови ги прославувале мртвите предци во планините на Либерија. Одвреме-навреме, татко му заминувал пешачејќи 4 часа од селото до планината за да се моли и да им принесува жртви на предците.

Кога било време да се сади, таткото се молел: „О предци, дојдовме пред вас бидејќи денес сакаме да садиме на нашиот имот, а сакаме имотот да ни напредува".

Кога мајка му била бремена, таткото се молел: „О предци, излегуваме пред вас со нашата ќерка која носи дете“. Кога некоја болест го покосила селото, се молел: „О предци, дојдовме пред вас поради болеста која се шири во нашето село“.

Секој пат жртвувал кокошка, или како жртва на предците им нудел садови со бел ориз. Ги оставал кокошката и чиниите на земја и се враќал дома. Подоцна, се враќал по чиниите, и кога ќе видел дека нема храна, верувал дека предците ја примиле жртвата и дека ќе одговорат на неговите молитви.

Дарлингтон немал можности да се придружи на тајното друштво. Не можел да каже ниту да ниту не. Меѓутоа, мајка му одлучувала и грубо го одбила. Кога таткото се подготвувал да оди во планината, таа го носела момчето во другото село.

„Јас сакам тој да стане христијанин“, му велела на таткото.

Дарлингтон ја посетувал неделната школа секоја седмица, но не ја разбирал Библијата. Кога малку пораснал, некој адвентистички евангелист дошол во селото и зборувал за седмиот ден, сабота.

Дарлингтон за прв пат во Библијата читал за саботата. Барал објаснување од пасторот што служел во недела, да му каже кој ден е вистинскиот ден за прославување на Бога – сабота или недела.

„Неделниот“ пастор не можел да најде ниту еден библиски стих што го поддржувал ставот дека Бог треба да се слави во недела.

„Сине мој, седми ден е сабота“, рекол пасторот. „Ние ја празнуваме неделата во знак на Христовото воскресение“.

Дарлингтон сакал да ја следи Библијата и набргу бил крстен во адвентистичката црква.

Татко му не бил задоволен од неговата одлука, бидејќи знаел дека неговиот син никогаш нема да ги слави своите предци. Но затоа, мајка му била среќна што нејзиниот син го сака Бога.

Дарлингтон копнеел да стане пастор, и постојано се молел за тоа. Адвентистичката црква немала факултет во Либерија, и затоа морал да патува во Гана или во Нигерија за да студира теологија.

Знаел дека неговите родители немаат средства за да му помогнат, па работел напорно за да собере средства за да ги подмири училишните трошоци. Граѓанската војна ги прекинала неговите напори и во деведесеттите години на минатиот век влегол во политиката. Бил избран во националниот парламент.

Размислувал: „Ако не можам да заштедам пари за да студирам теологија во странство, можам барем да основам адвентистички универзитет во Либерија, и така младите ќе можат овде да студираат“.

Една година, откако бил избран во парламентот, учествувал во собирање средства за адвентистичкиот универзитет на Западна Африка, во главниот град на Либерија, Монровиј.

По шест години поминати во парламентот, го напуштил поради

силните притисоци да прифати мито и да се вклучи во работата на тајните друштва. Се запишал на теологија на адвентистичкиот факултет.

Денес Дарлингтон е пастор и претседател на Југоисточната либериска мисија, која ќе прими дел од даровите на 13-тата сабота за ова тримесечје, со кои ќе биде изградено училиште од 1 до 6 одделение во градот Бучанан.

„Многу сум му благодарен на Бога што ме повика да работам во Неговото дело, да учествувам во подготвувањето на луѓето за Неговото скоро доаѓање“, изјавува Дарлингтон.

Ви благодарам што планирате да издвоите великодушни средства како дар со кој ќе овозможите да се изгради едно основно училиште во Бучанан во Либерија, и да учествувате во изградба на училиштето што беше уништено за време на граѓанската војна што ја погоди оваа држава. ❐

## Во врска со искуството

- Погледнете го видеоклипот на јутјуб со Дарлингтон: bit.ly/Darlington-Teah или (со превод) на subotnaskola.org/vesti.
- Преземете ги сликите од фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од базата на податоци АДАМС (bit.ly/school-for-liberia).
- Сликите од проектите на 13. сабота може да ги симнете од: bit.ly/WAD-2020.

## Мисионски информации

- Дневниот билтен на Генералната конференција од 1889 г., споменува дека братот Гастон од Либерија, кој неодамна ја прифатил вистината, се вратил во својата земја да го сее семето на скапоцената вистина во својот народ. За својата посета во Западна Африка, 1892 г., Лоренс Ц. Чедвик на седницата на Генералната конференција барал мисионери кои би му се придружиле на братот Гастон (GC Daily Bulletin 5:2, Jan. 29, 1893). Меѓутоа, Либерија морала да чека уште 33 години на официјалните први мисионери адвентисти.
- На 30 април 1930 год., првите четворица обратеници биле крстени во градот Син. Меѓу нив бил и Вили Хелбиг, подоцна, прв ракоположен либериски свештеник.
- Околу 85% од населението на Либерија себеси се сметаат за христијани. Исламот опфаќа 12,2%, претежно сунитски ислам, со помал дел од шиитскиот и ахмедански-от ислам.



# Лесно постигнато читање

ЛИБЕРИЈА | 11 јули 2020

**С. Е. Џо Сија, 66**

Џо Коњон Сија не знаел да чита.

Во неговото село Сија, во Либерија, немало училиште. Како момче работело на семејниот имот каде што одгледувале ориз. Кога пораснал, се оженил и имал девет деца, и работел на фармата. Немал потреба за читање.

Еден ден, некој адвентист евангелист, Вили Хелбиг, стигнал во нивното село. Џо бил заинтересирал за сознанијата од Библијата, и со останатите селани барал од евангелистот да проучува со нив. Вили се согласил, и еден месец подоцна, сите педесетмина возрасни во тоа село и во блиското село Дехју биле крстени.

Вили, првиот помазан адвентистички пастор на либериската црква, им рекол на новите верници дека дошол нивниот ред да ја шират пораката на евангелието. Џо не знаел што да мисли. Го сакал Исуса и сакал да го шири евангелието. Меѓутоа, имал 45 години и не знаел да чита.

„Јас не можам да ја отворам Библијата и да поучувам од неа“, рекол тој.

Вили не бил загрижен. Го повикал Џо и уште петмина други новокрстени верници да го посетуваат библиското училиште за обучување во Дехју. Првиот ден од работата, Џо ги набљудувал останатите петмина во училницата на Вили. Никој од нив не одел на училиште. Никој од нив не знаел да чита. Бил во многу добро друштво.

Вили се помолил и им дал по еден нов примерок од Библијата на секој од нив. Потоа, ја отворил својата Библија и им покажал како да пронајдат некои значајни стихови. Го читал гласно секој стих и го објаснувал значењето на секој збор.

Џо искрено се молел. Не знаел како ќе успее да ги запомни сите стихови. Сакал да им сведочи на другите за Исусовото скоро доаѓање, но не знаел дали тоа некогаш ќе може да го прави.

Џо и петтемина верници се состанувале со Вили секој ден за да ја проучуваат Библијата. Секој ден Џо се молел Светиот Дух да ја благослови нивната работа на часовите.

Еден ден, додека Вили ги водел луѓето низ библискиот настан, Џо забележал дека немал проблеми сам да ги пронајде стиховите. Додека Вили читал, можел да го следи текстот во својата Библија. Ги погледнал своите колеги, и тие исто

можеле да ги пронајдат стиховите и да го следат текстот. Тогаш Џо и останатите мажи станале и почнале самостојно на глас да ја читаат Библијата пред восхитениот евангелист.

Кога се вратил дома, Џо се обидел да чита некоја друга книга освен Библијата, но не можел да разбере ниту еден збор. Пронашол уште некоја книга, но ни неа не можел да ја чита. Меѓутоа, Библијата можел мошне лесно да ја чита.

Во 1937 година Џо станал главен старешина на првата адвентистичка црква основана во селото Сија и околината. Иако никогаш не одел на училиште, тој енергично поучувал и проповедал од Библијата во новата црква, која се наоѓа во селото Њусес. Умрел во 2003 година, во деведесеттата година од животот.

„Тоа беше дејствувањето на Светиот Дух“, кажува неговиот син, исто така старешина на црквата,

## Во врска со искуството

- За Џо погледнете во видеоклипот на јутјуб: bit.ly/Joe-Seeyah или (со превод на српски) на subotnaskola.org/vesti.
- Симнете ги сликите од фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од базата на податоци АДАМС: bit.ly/Joe-Seeyah.
- Сликите за проектите на 13. сабота може да ги симнете од: bit.ly/WAD-2020.
- Селото Сија го добило името по семејството на Џо.

## Интересни факти

- Друштвото за колонизација на слободните обоени луѓе од Америка, попознато како „Американско колонизаторско друштво“ е основано во САД во 1816 година. Ова друштво ја поддржувало миграцијата на слободните афроамериканци на африканскиот континент. Поддржувачите на ова друштво биле религиозни и политички групи кои се противеле на ропството, и сопственици на робови кои сметале дека слободните црни луѓе се закана за стабилноста на робовладетелскиот систем.
- Либерија е позната по своите детални декоративни маски, дрвени ракотворби и предмети како што се чешли, лажици и вилушки. Либериските скулптури од дрво длабоко се под влијание на старата историја, фолклорот, народните изреки, духовноста и селскиот живот. Тие ја покажуваат желбата на уметникот да ги нагласи деталите и нивната поврзаност со луѓето и обработените предмети од дрво..
- Храната во Либерија била под влијание на контактите и трговијата и колонизацијата од страна на САД. Посебната храна е мешавина од храната на американскиот југ со онаа традиционална западноафриканска храна. Храната претежно се состои од ориз, и друг скроб, тропско овошје, зеленчук и локални риби и месо. Либерија исто така има и пекарска традиција која доселениците ја донеле од САД која е единствена во Западна Африка.

С. Е. Цо Сија, 66. „Светиот Дух е оној кој дава сознание, а сакал адвентната порака да дојде во нашата област. Тој му овозможи на татко ми да ја чита Библијата“.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе биде употребен за изградба на основно училиште во Бучанан во Либерија, за да го замени училиштето што било уништено за време на граѓанската војна пред неколку години. Бучанан се наоѓа во близина на селото Сија. ❐



# Долг пат назад до дома

ЛИБЕРИЈА | 18 јули 2020

**Алфонсо Петер Џуа, 48**

На 19-годишна возраст Алфонсо Петер Џуа побегнал од граѓанската војна во Либерија и се качил на воз за Гвинеја.

Воопшто немал претстава дека патувањето ќе го одведе преку осум држави, и дека ќе се врати дома со сопруга, Индонежанка, дури 14 години подоцна.

Времињата биле тешки кога во 1992 год. ја напуштил својата држава, а набргу и адвентистичката црква, црквата на својата младост.

Своето образование во Гвинеја го завршил со помош на хуманитарна организација, но се нашол на улица. Се обидувал на секакви начини да заработи пари, па дури продавал и хероин. Ги лажел луѓето земајќи им ги парите. Позајмувал пари и наплатувал камати.

По една година копнеел за нова прилика, и така илегално купил гвинејски пасош и отишол во Сенегал. Во текот на четири години продавал хероин, и тука ги лажел луѓето земајќи им ги парите и позајмувал пари со добивка. Барајќи нови можности, отишол во Тунис, а потоа во Индија, Тајланд, Индонезија. Во секоја држава, продавал дрога, лажел луѓе, заработувал доволно за живот и за да замине на некое друго место. Увидел дека парите му овозможувале да купува што сака, вклучувајќи ги и визите за неговите патувања.

Во главниот град на Индонезија, Алфонсо почнал сериозно да размислува за животот. Се сетил дека одел во црква во сабота. Се чувствувал лошо бидејќи знаел дека ги прекршувал Божјите заповеди. Еден ден почнал да зборува за Бога додека играл билијард со некој Шпанец. Тој странец го повикал наредната недела да ја посетат неговата црква. Американскиот мисионер што ја водел неделната црк-

ва ја сослушал приказната на Алфонсо и му понудил помош околу плаќањето за изнајмената куќа. Во замена за тоа, Алфонсо работел околу црквата и управувал со нејзиниот систем за озвучување.

Алфонсо постојано размислувал за саботата. Ја пронашол адресата на адвентистичката црква и почнал да присуствува на богослужбите во саботите, додека и понатаму работел во другата црква во неделите. Со своето средношколско образование копнеел да студира на универзитет, но изгледало дека никој не е подготвен да му помогне. Неделната црква не му помогнала. Адвентистичката црква исто така, но повторно го поврзала со родителите во Либерија. Не бил во контакт со нив откако побегнал од Либерија.

Поминале три години, и неделната црква престанала да го поддржува. Алфонсо повторно се вратил на продавањето дрога, продолжил да ги лаже луѓето и да им позајмува пари за добивка. Меѓутоа, во тоа време се случило нешто големо во неговиот живот. Се оженил. Додека работел во неделната црква, се вљубил во Вастина, роднина на домарот на американскиот мисионер.

По некое време Алфонсо ја почувствувал познатата желба за нови доживувања и отпатувал во Кина. По четири месеци, ја зел и сопругата. Додека бил во Кина, неговите мисли се вратиле кај Бога. Во книжарницата пронашол Библија на англиски јазик. Еден ден неговиот поглед се задржал на книгата Проповедник: „Суета над суетите, вели проповедникот, суета над суетите – сѐ е суета!“ (Проповедник 1,2).

„Мојот живот е исполнет со суета“, си помислил. „Треба да се вратам дома, во Африка“.

Заедно со Вастина одлетале за Либерија во 2006 година. Кога се вратил дома, повторната средба со неговите родители била навистина трогателна. Му го предал своето срце на Исуса и одел во црк-

## Во врска со искуството

- За Алфонсо погледнете во видеоклипот на јутјуб: bit.ly/Alphanso-Juah или (со српски превод) na subotnaskola.org/vesti.
- Симнете ги сликите од фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од базата на податоци АДАМС (bit.ly/long-road - home).
- Сликите за проектите за 13. сабота можете да ги симнете од  bit.ly/WAD-2020.

## Интересни факти

- Монровија е главен и најголем град во Либерија. Градот е така наречен во чест на американскиот претседател Џејмс Монро, значаен поддржувач на колонизацијата на Либерија и Американското колонизаторско друштво. Покрај Вашингтон, тоа е втор главен град на некоја држава, кој е наречен по некој американски претседател

ва секоја сабота. Вастина му се придружила и по некое време и таа му го предала своето срце на Исуса.

Денес Алфонсо работи како дрвосечач во Бучанан, а Вастина продава ориз, масло и продукти на тезга пред нивната куќа. Имаат три деца на 5, 8 и 12 години.

„Стравот од Господа е почеток на мудроста", изјавува тој. „Кога се чувствував виновен, стравот од Господа го исполнуваше моето срце и ме правеше помудар".

Дел од даровите на 13-тата сабота за ова тримесечје ќе биде употребен за изградба на основно училиште во Бучанан, во Либерија, на местото на старото разурнато училиште од граѓанската војна.

Алфонсо се надева дека своите деца ќе ги запише во тоа ново училиште. ❐



# Молитвата го спасува бракот

ГАБОН | 25 јули 2020

**Анжелик Абеме, 45**

Анжелик Абеме се вљубила во Петер кога имала 15 години а тој имал 20. Оваа двојка одлучила да живее заедно и добиле две девојчиња.

Живееле во Ојем, град на северот на Габон. Животот бил тежок. Петер пиел и пушел, но Анжелик го сакала.

Кога имала 25 години, еден сосед, адвентист, ја повикал Анжелик на серија евангелски предавања. Имала многу прашања околу учењето за саботата, и не била задоволна од одговорите што евангелистот ги давал. Последниот петок од двонеделната серија предавања, евангелистот ѝ сугерирал да го праша својот пастор во врска со саботата. Решила тоа и да го направи.

Таа вечер, враќајќи се пеш накај дома, го сретнала својот пастор.

„Пасторе, кој ден е вистинскиот ден за славење – недела или сабота?" – го прашала таа.

Пасторот не ѝ противречел.

„Она што ти е кажано за саботата е вистина", рекол. „Си ја дознала вистината. Пробај да одиш во адвентистичката црква".

Животот ѝ станал многу покомплициран откако Анжелик се крстила. Таа го замолила Петер да се венчаат официјално, но тој одбил да го стори тоа. Кога побарала од него да ја напушти куќата, тој се преселил во Порт Гентил, град од-

## Во врска со искуството

- За Анжелик погледнете на јутјуб на линкот: bit.ly/Angelique-Abeme или (со српски превод) на subotnaskola.org/vesti.
- Симнете ги сликите од фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од базата на податоци АДАМС (bit.ly/prayer-saves-marriage).
- Сликите за проектите на 13. сабота може да ги симнете од: bit.ly/WAD-2020

## Мисионски информации

- Мисијата во Габон е основана во 1975 година, а е организирана во 1978 година. Нејзината централа се наоѓа во главниот град, Либрвил.
- Христијанската адвентистичка црква официјално е призната од страна на властите во Габон 1981 година.
- Околу 73% од популацијата практикува барем некои од елементите на христијанството. 12% практикува ислам, 10% традиционални домородечки верувања, а 5 % се сметаат за атеисти.

далечен 400 км на југ. Анжелик секое утро и вечер се молела за Петер да го запознае Исуса.

„Господе, ми овозможи да ја дознаам вистината, Те молам, да му помогнеш на Петер и тој да ја дознае вистината“.

На Петер по пошта му испраќала библиски проучувања.

Во Порт Гентил, Петер западнал во потешкотии. Еден работодавец го обвинил за кражба, иако Петер тврдел дека е невин. Бил одведен во затвор на три месеци. Во затворот имал многу време за размислување. Немал што да работи, па кога еден пастор адвентист му понудил заедно да ја проучуваат Библијата, тој со задоволство прифатил. Кратко време по излегувањето од затворот, тој бил крстен.

Анжелик од пријателите дознала дека тој бил во затвор, но воопшто не знаела за библиските проучувања. Продолжила да се моли за него секое утро и секоја вечер.

„Господе, ми овозможи да ја дознаам вистината, Те молам да му помогнеш и на Петер да ја запознае вистината“.

Откако излегол од затвор, ја повикал Анжелик и ѝ рекол за својата нова вера.

„Сега разбирам зошто сакаше да се иселам од куќата“, ѝ рекол. „Толку сум среќен што станав адвентист“.

Анжелик била пресреќна. И понатаму го сакала Петер. Ги променила своите секојдневни молитви, барајќи од Бога во животот на Петер да ги покаже плодовите на неговата вера. Сакала да престане да пие и да пуши.

Петер редовно ѝ се јавувал за да прашува за своите ќерки. За време на еден повик, Анжелик му рекла на Петер дека планира да ја испрати својата помлада ќерка во извиднички камп во Порт Гентил на една недела.

Се договориле да се сретнат на кампувањето. Веќе шест години биле разделени.

На кампувањето, Петер срдечно ја поздравил Анжелик со голема

насмевка и топла прегратка. Поминале два часа во разговор и Петер заминал. Анжелик увидела дека неговиот живот навистина се променил. Тој повеќе не пиел ниту пушел. И неговиот карактер станал пријатен.

Во текот на кампувањето, Петар доаѓал кај неа за да разговараат. Кога кампувањето завршило, Анжелик останала уште една недела во Порт Гентил за да разговара со Петер. Тогаш Петер ѝ предложил:

„Те сакам“, ѝ рекол. „Ми недостигаш и сакам да се венчаме“.

„Да, ајде да се венчаме“, среќно одговорила Анжелик.

Тоа се случило пред осум години. Денес Петер служи како старешина на црквата во Либрвил, главниот град на Габон. Тој го сака Исуса со сето свое срце, а Анжелик не може да биде посреќна.

Во текот на тие мрачни денови, таа наоѓала охрабрување и надеж во евангелието според Матеј, каде Исус вели: „Но барајте го најнапред царството на Бога и Неговата правда, и сè ова ќе ви се придодаде“ (Матеј 6,33).

„Нашата прва цел би требало да биде да го бараме Божјето царство“ – смета Анжелик. „Ако сте верник, а вашиот брачен партнер не е, продолжете да се молите бидејќи Бог може да направи чудо во срцето. По шест години Бог одговори на моите молитви“.

Пред три години дел од даровите на 13-тата сабота помогна да се изгради средното училиште за 280 ученици во Либрвил во Габон.

Ви благодариме што планирате да издвоите великодушни средства во ова тримесечје. Овие средства ќе бидат употребени за изградба на училишта во уште две африкански држави, во Гвинеја и Либерија. ❒




# Обложување на коњи

ГАБОН | 1 август 2020

**Кристоф Минста Миовоно, 44**

Трките со коњи го привлекле Кристоф кога имал 27 години. Татко му на Кристоф, професор по математика, станал загрижен околу обложувањето на коњи додека студирал на универзитетот во Франција.

Кога се вратил во својата татковина, сфатил дека коњските трки станале популарна забава и во Габон.

Но, никој не одел на трки за да се обложува. Наместо тоа, оделе во трафиките покрај патот каде можеле да се обложуваат на трките на коњи, кои биле пренесувани од Франција.

Татко му го одвел Кристоф до трафиката за да се обложи.

Кристоф немал работа, а татко му му давал пари за да можат заедно да се обложуваат. Набргу Кристоф секојдневно се обложувал на коњи вложувајќи и по 5,000 централноафрикански франци (10 американски долари).

Прескокнувал оброци и ноќниот сон за да ја искушува својата среќа на коњите.

Неговите пријатели адвентисти од главниот град на Габон, Либрвил, ја забележале Кристофовата фасцинација од обложувањето и го предупредувале поради тоа.

Кристоф не сакал да ги слуша.

„Тоа е игра во која можеш да го тренираш својот ум", рекол. „Потребно е да знаеш математика за да можеш да играш".

**Еден инцидент**

Едно неделно утро, Кристоф изгубил 3.000 франци на коњските трки во трафиката. Враќајќи се дома, ги проверувал ливчињата за обложување, и сфатил дека погрешил што не се обложил на одреден коњ. Увидел дека му преостанале 2.000 франци и се вратил назад кај трафиката.

Додека стоел пред трафиката и ги пополнувал ливчињата, некој автомобил ја изгубил контролата и налетал на него и на уште две жени кои биле во негова близина. Возачот не застанал, туку побегнал од местото на несреќата.

Набргу, добрите луѓе ги пренеле Кристоф и двете жени во болница. Едната од нив набргу им подлегнала на повредите. Неколку моменти подоцна и другата жена умрела. Кристоф лежел во креветот, нозете му биле одземени, а неговата сина блуза била испрскана со крв. Стравувал дека ќе умре.

Почнал да се моли: „Господе, јас сфаќам", рекол. „Многу пати ми кажа да престанам со коцкањето, но јас не Те слушав. Сега сакам да Те послушам".

Немал начин како да контактира со своето семејство, а не можел ниту да се помести. Без пари, цели два дена не примил никаква медицинска нега. Конечно, успеал да собере сила и да стане од креветот, и влечејќи се по подот, дошол до улицата и повикал такси. Последните 2.000 франци ги потрошил за возењето до дома.

**Потполно закрепнување**

Дома го негувала неговата сестра која била медицинска сестра. Тој се молел за исцелување: „Господе, спаси ме и немој да дозволиш да умрам", велел. „Ако ме заштитиш и ми помогнеш повторно да проодам, ќе го предадам мојот живот во Твои раце и ќе престанам да се коцкам".

Три седмици подоцна, повторно можел да оди. Собрал едно купче стари ливчиња за обложување и ги запалил пред своето семејство.

„Не ми е гајле да ли сум богат или сиромашен“, рекол. „Јас ќе му служам на Господа и повеќе никогаш нема да се обложувам“.

И навистина, никогаш повеќе не се обложувал. Денес, Кристоф Минста Миовоно има 44 години и работи како молер.

„Подобро е да работиме и да ги заработуваме парите, отколку да се обложуваме и да се надеваме на лесна заработка“.

Пред три години, дел од дарот на 13-тата сабота помогнаа да се изгради средното училиште за 280 ученици во градот во кој Кристоф живее, во Либрвил, во Габон.

Ви благодарам што планирате да приложите великодушни средства за ова тримесечје, кои ќе бидат употребени за изградба на училишта во африканските држави Гвинеја и Либерија. Љубомората го променила животот на полицискиот службеник Жан Обаме Ефајонг. ❐

## Во врска со искуството

- Погледнете го видео клипот со Кристоф на линкот: bit.ly/Christophe-Minsta или (со српски превод) на subotnaskola.org/vesti.
- Симнете ги сликите од фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од базата на податоци АДАМС (bit.ly/betting-on-horses).
- Сликите за проектите на 13. сабота може да ги симнете од: bit.ly/WAD-2020.

## Интересни факти

- Официјален назив на државата е Република Габон.
- Официјален јазик е францускиот.
- Малата густина на населеност, големите резерви на нафта, и странските приватни инвестиции помогнале Габон да биде една од најпросперитетните држави на суб-сахарска Африка, со трет ГДП по глава на жители во оваа област во светот по Екваторијална Гвинеја и Боцвана.
- Габонската кујна се базира на касава, ориз, тестенини од маниока, риви кои во големи количини можат да се најдат долж реката и морскиот бред, месо од антилопи дивокози, диви свињи и змии, како и тропско овошје како банани, ананас и шеќерна трска.
- Во Габон се наоѓаат стотини доломитски и варовнички пештери. Со голема површина скриена под шумскиот покривач, многу пештери остануваат неистражени. Во овие пештери, посебно во Абанда пештерите можат да се видат ретки портокалови пештерски крокодили, кои ги само овде, во Габон и никаде на друго место. Во пештерите се наоѓаат стотици илјади лилјаци. Пештерите во Габон содржат богат подземен биодиверзитет кој не може да се најде никаде на друго место.
- Во Габон се наоѓа 80% од африканската популација на бабуните.



# Сладок тивок глас

ГАБОН | 8 август 2020

**Жан Обаме Ефајонг, 58**

Секоја вечер неговата сопруга Розет доаѓала доцна навечер дома во градот Либрвил, главниот град на западноафриканската држава Габон. Жан не знаел што правела и каде била.

Тој во неговата имагинација почнал да се сомнева, а се плашел и од најлошото. Конечно, ја прашал директно.

„Доаѓам од куќата на мојата сестра“, одговорила.

Наредната вечер, ѝ го поставил истото прашање.

„Доаѓам од куќата на мојата сестра“, одговорила.

Секоја вечер му го давала истиот одговор. Жан не можел да поверува дека неговата сопруга поминува толку време во куќата на својата сестра. Така одлучил да ја праша дали може и тој да дојде со неа во куќата на нејзината сестра.

Розет го однела во црква со натпис: „Вечен живот“. Жан бил изненаден што ја гледа црквата додека сопругата му зборувала дека е во куќата на нејзината сестра. Му олеснило кога сфатил дека неговата сопруга секоја вечер одела во црква, а не прави ништо друго во што тој се сомневал. Учењата на црква биле мешавина од христијанството и традиционалните африкански верувања.

Жан одел до црквата три вечери по ред за да види дали Розет навистина го поминува времето на тоа место. Тој стоел надвор и набљудувал. Четвртата вечер, една млада жена, сопственичката на куќната црква, го прашала што прави тука.

„Зошто доаѓате, а не влегувате? Влезете денес или воопшто немојте да доаѓате повеќе“.

Жан влегол внатре. Во црквата било интересно, а членовите на црквата биле пријателски расположени. Кога имал едно натприродно искуство, не така ретка појава во традиционалната африканска религија, верниците на црквата го поставиле за водач.

Еден ден, Розет одеднаш престанала да доаѓа на црковните служби. Пред Жан да може да ја дознае причината, таа неочекувано умрела во текот на породувањето. Скршен од болка, одлучил да размисли за својот живот, за верувањата, и се помолил: „Ако оваа црква не е онаа вистинската, помогни ми лесно да ја напуштам“, рекол тој.

Никогаш повеќе не се вратил во црквата, ниту пак имал некаков проблем.

Три години подоцна, Жан една вечер пешки се враќал дома, кога

забележал голем шатор поставен на фудбалскиот терен во близина на својата куќа. Слушнал како му се обраќа сладок, тивок глас: „Господине, дојдовме овде поради вас“, рекол гласот.

Жан застанал, се свртел да види кој му се обраќа, но не видел никого. Кога тргнал понатаму, гласот повторно му се обратил: „Господине, влезете внатре и седнете да го слушнете евангелието“.

Жан влегол во шаторот, и седнал на столчето во задниот дел.

Тоа била првата вечер од десетдневната евангелска серија предавања. Евангелистот, кој бил адвентист, ги повикувал луѓето на покајание. Жан плачел додека слушал. Наредната вечер дошол со лист хартија и пенкало за да си запишува белешки.

За време на состанокот почувствувал неодолива желба да биде крстен. И кога дошол дома почувствувал неодолива желба да биде крстен. Разговарал со евангелистот.

„Не знам ништо за вашата црква, но сето време имам длабока желба да бидам крстен“, рекол.

Евангелистот се насмевнал.

„Господ ви се открил“, му рекол.„Дојдете да се крстите“. Жан набргу бил крстен.

## Во врска со искуството

- За Жан погледнете на јутјуб, на линкот: bit.ly/Jean-Obame-Efayong или (со српски превод) на subotnaskola.org/vesti.
- Симнете ги сликите од фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од базата на податоци АДАМС (bit.ly/sweet-gentle-voice).
- Сликите за проектите на 13. сабота можете да ги симнете од: bit.ly/WAD-2020.

## Интересни факти

- Либрвил е главен и најголем град во Габон. Овој град се наоѓа на реката Комо, во близина на гвинејскиот голф, и центарот на продавниците со дрвена граѓа
- Оваа област најпрво била населена со Пигмејци. Подоцна, во оваа област се населиле племињата Банту.
- Околу 85% од Габон е прекриено со прашуми. 11% од тие шуми се прогласени за национални паркови, а некои од нив се и најголеми паркови на природата на светот.
- Во Габон главно е застапена младата популација, во која 40% од населението е под 15 години. Околу 56% од населението е на возраст од 15 – 64 години. Помалку од 4% од популација е постара од 65 години.
- Значајните фактори на габонската култура се правење маски и ритуално фарбање на лицето. Стиловите драматично варираат меѓу различни етнички групи. Габонците користат маски во празнувањето на предците и при обележување на значајни настани во животот. Тие се дел од погребните и земјоделските ритуали. Габонците употребуваат маски за да ја промовираат плодноста, духовната заштита и да го искажат својот културен идентитет. Маските се разликуваат по стилот, геометриските облици, стилизираните, често претерани карактеристики, и реалистичните, детални изрази на лицето.

Денес, тој е активен член на црквата. Секојдневно се сеќава на слаткиот тивок глас што го слушнал кога поминувал покрај шаторот.

„Гласот ми помогна да го најдам вистинскиот пат. Исус е мојот живот".

Пред три години, дел од дарот на 13-тата сабота помогна да се изгради средно училиште за 280 ученици во градот каде што живее Жан, Либрвил во Габон.

Ви благодарам што планирате да приложите великодушни средства ова тримесечје, кое ќе биде употребено за изградба на училишта во африканските држави, Гвинеја и Либерија. ❐



# Молитва и прогонство

ГВИНЕЈА | 15 август 2020

**Мајмуна Бангура, 29**

Кога адвентистот се појави на вратата од нашата куќа во Конакри, Гвинеја, мојот сопруг и јас разговаравме со него неколку минути.

Тогаш ми даде еден трактат. Јас го забележав зборот „Исус" во аголот напишано со мал фонт. Не допирајќи го воопшто трактатот, му реков да го предаде на мојот сопруг Алфа.

Трактатот беше напишан на француски, кој Алфа не знае да го чита, па ми го даде мене, и рече: „Прочитај ми".

Го фрлив на земјата.

„Не сум христијанка!" – реков. „Не сакам да допирам такво нешто".

Ја отворив вратата и излегов надвор. Не сакав да слушам за христијанството. Дури беше и време за мојата вечерна молитва.

Меѓутоа, не можев да се молам. Бев толку вознемирена што мојот ум не можеше да се фокусира. Можев да го слушнам адвентистичкиот посетител како разговара со мојот сопруг. Го праша Алфа дали има каква било потреба за молитва.

„Потребна ми е работа" рече Алфа, кој е електричар по занимање. „Исто така, кога заработувам пари, премногу брзо се трошат. А мојата сопруга има тешка бременост. Ве молам, молете се за неа."

Кога ги слушнав овие зборови, излегов од собата и му реков на адвентистот нешто што дури ниту мојот сопруг не го знаеше. Во текот на последното одење во болница, докторот ми рече дека моето бебе не е живо. Бебето беше во мене, но мртво.

Мојот сопруг беше шокиран од оваа вест.

„Ве молам, молете се за мене“, го замолив адвентистот.

Се помоли: „Ако бебето треба да дојде на овој свет, Те молам, Господе, дарувај ја оваа жена со бебе. Ако не, нека биде волјата твоја“.

Кога заврши со молитвата, го подигна трактатот од подот и го напиша своето име Транкил Фасинадуно, бројот на телефонот, му го предаде на Алфа и благо му рече, „Можеби вашата сопруга еден ден ќе го држи ова и ќе ви чита“.

Откако отиде, го искинав флаерот и го фрлив. Ми се допадна неговата молитва, но ништо не сакав да имам со неговото христијанство.

Таа ноќ, за прв пат спиев добро по неколку месеци. Болката и крвавењето сопреа.

Кога отидов во болницата, дознав дека докторот направил грешка. Воопшто и не сум била бремена.

Тогаш мојот помлад син, Ентони се разболе. Му донесов лек во болницата, но ништо не помагаше. Се сетив како мојата болест помина откако Транкил се помоли.

„Зошто ли го фрлив трактатот со неговиот број на телефон?“ – се прекорував себеси.

Наредниот ден размислувавв само за бројот на телефонот, кога слушнав тропање на вратата. Тоа беше Транкил.

„Навистина ми е мило што си овде“, реков плачејќи. „Само што мислев за тоа колку би било убаво да го сочував твојот број на телефон. Те молам, помоли се за мојот син“.

Транкил се молеше, а мојот син оздраве уште истото попладне.

Алфа и јас бевме одушевени, но јас и понатаму не сакав да одам во црква. Сепак, ги памтев молитвите на Транкил, и по еден месец одлучив да појдам во адвентистичката црква. Проповедта длабоко ме допре и од тогаш решив да одам во црква секоја сабота.

Од друга страна, Алфа дојде само две саботи. Престана да доаѓа кога пријателите го предупредија дека може да го изгуби разумот ако продолжи да оди таму. Алфа не сакаше и јас да одам таму. Но јас одев и не му зборував ништо за тоа. По некое време забележа дека секоја сабота излегувам, а пријателите му кажале дека ме виделе како влегувам во црквата.

Алфа почна да ме тепа. Еднаш толку многу ме истепа што морав да одам во болница.

Но, јас продолжив да одам во црква. Во саботната школа научив како да живеам квалитетен живот. Транкил, кој беше пионер на свет-

ската мисија, ми држеше библиски лекции. Одлучив да станам христијанка кога при проучувањето читавме дека седмиот ден е сабота, четвртата заповед од Десетте Божји заповеди.

Алфа и понатаму ме тепаше. Кога ќе ја отворев устата за да кажам нешто, тој ми удираше шлаканица, одбивајќи да разговара со мене. Повеќе не делевме ист кревет, а одбиваше да ги издржува и нашите синови. Се молам за него секој ден.

Еден од моите омилени библиски стихови е запишан во евангелието според Јован, во кое Исус вели: „Да не се плаши срцето ваше; верувајте во Бога и во Мене верувајте" (Јован 14,1).

И покрај прогонството, јас имам мир во срцето бидејќи го имам Христа. Дали би сакале да се молите за мене? Со Господа, победата е на наша страна. Мојот сопруг еден ден ќе стане христијанин.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе биде употребен за изградба на училиште од 1 до 12 одделение во Конакри во Гвинеја, во која синот на Мајмуна и другите деца ќе можат да стекнат образование.

## Во врска со искуството

- Замолете некоја сестра да ја изнесе оваа приказна како лично искуство.
- Прочитајте ја Транкиловата страна на оваа приказна следната седмица.
- Погледнете го видеоклипот на јутјуб со Мајмуна на: bit.ly/Maimouna-Bangoura.
- Симнете ги сликите од фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од базата на податоци АДАМС (bit.ly/prayer-and- persecution).
- Сликите за проектите на 13. сабота може да ги симнете од: bit.ly/WAD-2020.

## Интересни факти

- Адвентното дело во Гвинеја почнало во 1987 година, кога една брачна двојка од Европа тивко сведочел за својата вера. Во април 1992 година, првите воени бегалци од Либерија дошле во Гвинеја, вклучувајќи и неколку христијани адвентисти и ракоположениот пастор В. Олојсијус, кои набргу почнале да сведочат за својата вера.

Ви благодарам што ќе ја имате Мајмуна и адвентистичкото дело во Гвинеја во своите молитви.

Приказната лично ја раскажа Мајмуна Бангура. ❒




# Пост за едно семејство

ГВИНЕЈА | 22 август 2020

**Транкил Фасинадуно, 34**

Капијата на имотот беше отворена и јас влегов во дворот. Мажот и жената разговараа на тремот од куќата, а двете момчиња си играа во близина.

„Добро утро брате и сестро", им реков, насмевнувајќи се. „Се викам Транкил Фасинадуно. Многу сум среќен што можам да ве запознаам".

Поминав покрај децата. Видов дека едно од момчињата е на училишна возраст и го прашав: „Како е на училиште? Што учевте денес?"

Момчето се насмевна и почна да ја рецитира азбуката. „Вашите деца се интелегентни", им реков на родителите.

Родителите се опуштија кога видоа дека ги пофалив нивните деца. Прашав како се викаат.

„Моето име е Мајмуна Бангура", рече жената.

„Јас сум Алфа", рече нејзиниот сопруг.

Извадив еден трактат под името „Божја љубов кон човекот".

„Ви носам добра вест", реков, подавајќи ѝ го трактатот на Мајмуна. „Тоа е Божја реч".

Таа фрли поглед на трактатот и рече: „Не благодарам, дајте му го ова на мојот сопруг".

„Не, јас тоа не знам да го читам", рече Алфа. „Дајте ѝ го на мојата сопруга"

Се сврте кон Мајмуна и рече, „Прочитај ми".

Таа го стутка трактатот и го фрли на подот, а потоа влезе во куќата за својата вечерна молитва. Го прашав Алфа дали има некоја потреба за молитва, и додека разговаравме Мајмуна се врати со молба за нејзиното здравје.

Сфатив дека не сака да го чита трактатот поради името на Исус што беше напишано во малиот текст на предната страна од трактатот. За луѓето од нехристијанска вера, грев е да се чита нешто што во себе го содржи името Исус. Кога видов дека не се заинтересирани, ја напуштив нивната куќа, но решив да се молам и да постам за нив. Откако излегов од капијата на нивниот имот, ги напишав нивните имиња на еден лист и го ставив во мојата Библија. Во текот на три дена не јадев ниту пиев цел ден. Навечер земав лесен оброк од банана, пор-

токал и оризова каша.

Во текот на денот немав многу време да се молам за оваа брачна двојка бидејќи бев зафатен со држење библиски часови и воспоставување нови контакти со луѓето, како пионер на светската мисија.

Барав од Бога да ме буди во текот на ноќта. И така, во текот на три ноќи, Бог ме будеше на полноќ, во 1 и во 4 наутро.

„Ти благодарам, Боже, што ми овозможи да го запознаам ова семејство", се молев. „Твојата волја нека се исполни во нивниот живот. Посети ги со својот Дух пред да завршат овие три дена".

Третиот ден од постот и молитвата заврши во сабота. Одлучив да ги посетам Алфа и Мајмуна по службата во црква. Се помолив пред да тргнам во црква: „Јас не се обидувам да го обратам ова семејство. Светиот Дух е Тој што ќе ги обрати. Биди со мене додека сум во посета кај нив".

Во текот на саботната школа почувствував силен поттик веднаш да одам во посета на ова семејство, во случај, подоцна во текот на денот, да не бидат дома.

Мајмуна срдечно ме поздрави и ми кажа дека оздравела по мојата молитва. Бараше да се молам за нејзиниот син кој се разболел. Се молев. Таа вечер, повторно отидов за да се распрашам за момчето.

„Таму е, си игра со другарите", рече Мајмуна покажувајќи со прстот. „Среќна сум поради тоа што го направивте".

Ѝ реков на Мајмуна да го повика момчето за да можеме заедно да се молиме. Кога ја видов Исусовата рака на дело, се охрабрив да го спомнам по име.

„Исус е Тој што го исцели вашиот син", реков. „Затоа ќе се молиме во Исусово име".

Ја спуштив главата, и се молев: „Ти благодарам, Боже, што си достоен за слава и чест, затоа што преку Тебе се случи ова чудо. Ти благодарам што го исцели Антониј. Во името на Исус од Назарет, амин".

Еден месец подоцна Алфа и Мајмуна дојдоа во црква. Алфа набргу престана да доаѓа и почна секоја вечер да ја тепа својата сопруга затоа што продолжи да оди во црква. Но, тоа не ја спречи да доаѓа. Таа ми рече: „Ве молам, подучувајте ме за Библијата. Сакам да ја запознаам Библијата".

Почнавме да ја проучуваме Библијата. По некое време почна и сама да ја чита Библијата, изјавувајќи: „Сакам да бидам со Исуса засекогаш". Го предаде своето срце во Негови раце.

Алфа и понатаму ја тепа, но Мајмуна пронаоѓа сила во Матеј, каде Исус вели: „Кој љуби татко или мајка повеќе од Мене, не е достоен за Мене; и кој љуби син или ќерка повеќе од Мене, не е достоен за Мене; и кој не го земе крстот свој и не оди по Мене, не е достоен за Мене. Кој си го чува животот свој, ќе го загуби, а кој ќе го загуби животот свој заради

Мене, повторно ќе си го најде" (Матеј10,37-39).

Таа и јас постиме и се молиме за Алфа.

Навистина сум среќен што го сака Исус. Вистинска радост е што ќе може да им ја претставува вистината на луѓето и да види како ја прифаќаат.

Дел од даровите за ова тримесечје ќе биде употребен за изградба на академијата Кобаја, училиште од 1 до 12 одделение, во Конакри во Гвинеја.

Ви благодарам што ќе го имате Транкила и сите пионери на светската адвентистичка мисија во своите молитви. ❐

## Во врска со искуството

- Замолете некој брат да ја изнесе оваа приказна како лично искуство.
- Приказната за Мајмуна можевте да ја прочитате следната седмица.
- За Транкила погледнете го видео клипот на јутјуб: bit.ly/Tranqulle-Fassinadouno.
- Симнете ги сликите од фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од базата на податоци АДАМС (bit.ly/fasting-for-family).
- Сликите за проектите 13. сабота можете да ги симнете од: bit.ly/WAD-2020.



# Ползи како бебе

ГВИНЕЈА | 29 август 2020

**Уму Туре, 55**

Уму Туре тешко се разболела кога нејзиниот сопруг починал. Нејзините колена потекле, а страдала и од голема болка. Ноќе не можела да спие. Не можела да се движи. Иако била стара, ползела како бебе во семејната куќа во Конакри, во Гвинеја.

Еден постар вујко, Амар, ја водел во различни болници, но ниеден доктор не можел да ѝ помогне. Ја водел кај врачеви, но немало помош. Таа била врзана за креветот во семејниот дом, во кој живеела со вујкото, помладата сестра и десетина други роднини.

Поминале четири долги години, а Уму и понатаму страдала. Четири години не можела да оди.

Еден ден го слушнала разговорот на својата сестра со некој посетител во другата просторија. Посетителот читал текстови од

Библијата и се молел. Уму не била христијанка, но сакала некој да се моли за неа. Со голем напор се извлекла од креветот и доползела до просторијата.

„Ве молам, помолете се и за мене“, молела таа.

Посетителот, Транкил Фасинадуно, бил изненаден што гледа стара жена како ползи. Не се помолил тогаш заедно со нив.

По три дена, Уми слушнала чукање на вратата, и еден момент подоцна, Транкил стоел над нејзиниот кревет.

„Мајко, дојдов да се помолиме“, рекол тој.

Уму била пресреќна.

Транкил ја отворил својата Библија и читал, „Вие сте, чеда, од Бога и нив сте ги победиле; зашто Оној, Кој е во вас, е поголем од оној што е во светот“ (1. Јованово 4,4). Потоа ги затворил очите за да се помоли.

„Господе, Ти благодарам за животот на својата ќерка“, рекол. „Ми овозможи да бидам овде. Ми даде истрајност да се молам и да постам во изминатите три дена за неа. Сега, Те молам да ја исцелиш мојата сестра Уму, во Исусово име“.

Таа ноќ Уму за прв пат спиела добро по многу години. Нејзините болки се намалиле. Наредниот ден, Транкил повторно дошол да се моли. Се молел и постел за Уму наредните две седмици.

Еден ден, Уму ненадејно го прашала:

„Каде се наоѓа вашата црква?“

Ѝ ја кажал адресата на адвентистичката црква. Не била далеку од нејзината куќа, но таа не можела да оди. Побарала помош. Едно саботно утро, Транкил ја одвел Уму на својот мотор во црква. Следната седмица, го повторил целиот потфат, и следната, и повторно следната. Секој ден, Уму добивала сила. Четвртата сабота, отишла сама пешки до црквата.

Транкил бил одушевен што ја гледа Уму како се движи полека кон црквата.

„Ова е Исусово чудо“, извикал тој.

Вујкото на Уму и другите членови биле среќни кога виделе дека ѝ е подобро, но не им се допаѓало што гледаат како таа оди во црква. Тие не биле христијани, и сметале дека Уму не ја почитува нивната семејна религија. Вујкото Амар свикал голем семеен собир. Додека десетина членови го гледале, тој во рацете ја зел црната Библија и семејната традиционална света книга.

„Која книга ќе ја избереш?“ – ја прашал Уму. „Имај на ум, дека ако не ја избереш нашата света книга, повеќе нема да бидеш дел од нашето семејство.“

Уму размислувала за своето четиригодишно боледување, и за тоа како сега била излекувана. Го подигнала својот поглед кон небото.

„Ја избирам Библијата, оваа црна книга“, рекла таа.

Вујкото Амар иронично се насмеал и ја погледнал Уму.

„Сега, која ја избра Библијата, земи ја и проповедај ни“, рекол тој.

Солзи се собрале во очите на Уму. Не знаела да чита.

„Вие знаете дека јас не умеам да читам“, рекла плачејќи. „Никогаш не одев на училиште. Но, човекот што се молеше за мене, ми читаше од Библијата, и јас бев излекувана. Јас верувам дека силата што е во Библијата може да направи уште повеќе за мене, како и за вас, исто така“.

Вујкото Амар, исполнет со лутина, им рекол на членовите на семејството да ги спакуваат работите на Уму.

„Стана христијанка“, рекол. „Оди си кај христијаните. Не сакаме да имаме ништо повеќе со тебе“.

Бидејќи Уму немала место каде да престојува, спиела кај различни пријатели. Било тешко, но одбивала да се откаже од Исуса. Кога верниците од црквата дознале за нејзината ситуација, ѝ понудиле место за живеење на црковниот имот. Уму и денес живее тука.

„Благодарна сум му на Бога за моето ново семејство“, изјавува Уму. „Ќе бидам со Господа Исуса засекогаш“.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе биде употребен за изградба на академијата Кобаја, училиште од 1 до 12 одделение во Конакри, во Гвинеја. Во тоа училиште многу деца од нехристијанските домови ќе можат да учат за Исусовата љубов. ❒

## Во врска со искуството

- Прочитајте ја сторијата од изминатата седмица за Транкил.
- Погледнете го видео клипот за Уму на јутјуб: bit.ly/Oumou-Toure или (со српски превод) на subotnaskola.org/vesti.
- Симнете ги сликите од фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од базата на податоци АДАМС (bit.ly/crawling-like-baby).
- Сликите за проектите на 13. сабота може да ги симнете од: bit.ly/WAD-2020.

## Интересни факти

- Минералното богатство на Гвинеја ја прави една од потенцијално најбогатите држави на Африка, меѓутоа нејзиното население е едно од најсиромашните во Западна Африка.
- Само 27% од возрасните луѓе во Гвинеја се писмени.



# Чудните сонови и девојчето

ГВИНЕЈА | 5 септември 2020

**Марија, 29**

Од својата втора година, Марија заедно со својата мајка, отишла кај врач за да добие благослов за семејниот бизнис во Гвинеја.

Посетите станале дел од животот, и изгледало како благословите да дејствуваат. Мајката станала богата газдарица која поседувала многу продавници ширум светот од оваа западноафриканска држава. Таа ја направила и својата ќерка богата. Марија имала куќа со голем имот, два автомобила и голема продавница за продажба на стилизирана облека и чанти во Конакри, главниот град на Гвинеја.

Меѓутоа, врачот ја изненадил дваесет и четиригодишната Марија кога отишла кај него барајќи благослов во 2013 година.

„Ако сакаш да бидеш богата, мораш да принесеш човечка жртва", рекол тој. „Жртвата мора да биде албино".

Марија водела крави кај врачот за да ги жртвува, но никогаш не размислувала за човечка жртва.

Самата помисла на човечка жртва ја вознемирувала и го оптоварувала нејзиниот ум кога заспала таа вечер. Сонувала две мали деца кои ѝ се обраќале, но не можела да разбере што ѝ зборувале.

Наредната ноќ, повторно ги сонила истите деца во сон. Но, сега можела да ги разбере.

„Решението не е во посетите кај врачот", рекло едното дете.

Наредната ноќ, Марија повторно сонувала. Овој пат, слушнала глас додека одела по улицата. Гласот ѝ рекол: „Решението е нашиот Отец и Спасител Исус Христос".

Кога се разбудила, била збунета бидејќи таа не била христијанка.

„Како Исус може да биде решение?" – се прашувала.

На својата мајка ѝ ги раскажала соновите од трите вечери.

„Зошто мораме да принесеме човечка жртва?" – прашала.

На мајката воопшто не ѝ се допаднале соновите, и ѝ рекла на Марија да купи крава за жртва. Марија ја послушала. Додека врачот се подготвувал да ја заколе, ја уверувал дека соновите ќе престанат.

Таа ноќ, Марија сонила уште еден сон.

До крајот на седмицата, била толку уморна од ноќните сонови што одлучила да оди да пазарува. Во сабота наутро, со колата заста-

нала пред оградата на имотот, и почекала да се отвори вратата. Додека чекала, се појавило едно мало девојче кое влегло низ отворената капија и пришла кон прозорецот од автомобилот.

„Дали сакаш да одиш во црква?“ – прашало девојчето.

Марија била изненадена.

„Јас не сум христијанка“, рекла. „Зошто ме прашуваш да одам во црква? Кого бараш?“

„Сакам да одам во црква“, рекло девојчето.

Марија го гледала девојчето. Си помислила дека девојчето се изгубило и си ги бара своите родители. Не знаела за ниту една црква во соседството.

Како да ги читало нејзините мисли, девојчето рекло: „Јас го знам патот“.

Марија одлучила да му помогне на девојчето да ја најде црквата. Излегла до колата. По кратко пешачење, дошле до вратата на Централната христијанска адвентистичка црква во Гвинеја. Група луѓе стоеле во близина на црковната зграда внатре на имотот, а една жена ѝ пристапила на Марија и ја прашала како може да ѝ помогне.

Ова мало девојче бараше да дојдам со него до овде“, рекла Марија и сакала да покаже кон девојчето. Меѓутоа, девојчето никаде го немало. Марија гледала насекаде околу себе. Девојчето го немало. Дошла до љубезната жена, и изненадена од целата ситуација, одеднаш добила желба да ѝ раскаже за своите соништа.

„Дали може да ве прашам нешто“, рекла таа.

„Секако“, одговорила жената.

„Имав многу сонови“, продолжила Марија. „Принесов крава на жртва, но ништо не ги сопре. Повеќе не знам што да правам“.

„Почекајте само еден момент“, рекла жената. „Мојот сопруг е пастор. Ќе го повикам да ви помогне“.

Така, Марија, нехристијанка, во држава во која многу луѓе се непријателски настроени кон хри-

## Во врска со искуството

- Списанието на Адвентистичката мисија не го изнесува вистинското име на Марија за да ја заштити нејзината приватност. Таа е прикажана на сликата.
- Читајте го искуството на Марија и следната седмица.
- Симнете ги сликите од фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од базата на податоци АДАМС (bit.ly/maria-in-guinea).
- Сликите за проектите на 13. сабота може да ги симнете од: bit.ly/WAD-2020.

## Интересни факти

- Просечниот животен век на луѓето во Гвинеја е 56 години.
- Повеќето Гвинејци работат во секторот за земјоделието, кој вработува 75% од работоспособното население.

стијанството, дознала за Исус. Денеска таа е христијанка која го сака Исуса со целото свое срце.

„Моето обратување во христијанството е вистинско чудо“, изјавува Марија. „Никој не ми дојде со Библија, а јас не сум прочитала ниту една христијанска книга. Тоа беше Божјо дело“.

Марија никогаш повеќе не го видела девојчето. Уверена е дека девојчето било ангел.

Адвентистичката црква се соочува со огромни предизвици во ширењето на евангелието во Гвинеја, во која само 7% од популацијата себеси се сметаат за христијани, а многумина се непријателски настроени кон христијанството.

Дел од даровите на 13-тата сабота за ова тримесечје ќе биде употребен за изградба на академијата Кобаја, училиште од 1 до 12 одделение во Конакри, во Гвинеја. Во тоа училиште многу деца од нехристијанските домови можат да ја запознаат Исусовата љубов. ❐



# Неписмена, но може да чита

ГВИНЕЈА | 12 септември 2020

**Марија, 29**

Марија не била христијанка, но постојано сонувала за Исус. Принела крава за жртва и се надевала дека соновите ќе престанат. Меѓутоа, и понатаму била вознемирувана секоја ноќ во текот на седум дена.

А потоа, еден непознат човек ја упатил во канцеларијата на Џејкоб Гбале, претседател на адвентистичката црква во Гвинеја. Тој работел на другиот крај на улицата во која се наоѓала нејзината луксузна куќа во Конакри, главниот град на Гвинеја.

Додека Марија ги опишувала своите сонови, пасторот Џејкоб почнал благо да се насмевнува.

„Нека биде слава на Бога“, воскитено изјавил тој.

Марија била шокирана. Не можела да сфати зошто тој би толку среќен.

„Не морате повеќе да принесувате никакви жртви“, рекол пасторот Џејкоб, подигајќи ја Библијата

од масата. „Бог ве повикува“.

„Мислам дека вашиот Бог направил грешка“, рекла Марија. „Јас секогаш сум припаѓала на својата семејна религија“.

Џејкоб ѝ ја подал Библијата.

„Ова е ваша Библија“, рекол.

„Што да правам со оваа Библија?“ – рекла. „Јас дури и не знам да читам“.

Пасторот Џејкоб ја прашал дали има некој кој е писмен во нејзиното семејство. Таа признала дека има еден роднина што знаел да чита.

Џејкоб го напишал името на Марија во Библијата.

„Земи ја својата Библија и оди“, рекол тој.

Марија била изнервирана од пасторот Џејкоб, си заминала и не му се јавила.

„Што се замислуваат овие луѓе, кои се тие?“ – размислувала додека се враќала пешки накај дома. „Ми велат да ја читам Библијата како јас да не го познавам Бога“.

Кога се вратила дома, Марија ја ставила Библијата во фиока и ја затворила. Сакала да се одмори. Го вклучила телевизорот на својот омилен канал, и видела програма за Исус. Клик, го променила каналот. И следниот канал имал програма за Исус. Клик, уште една програма за Исус.

Марија го повикала својо провајдер за сателитската телевизија. „Што е ова со вашите програми?“ – прашала. „На секој канал е Исус, Исус, Исус“.

Машкиот глас бил зачуден.

„Сè е во ред“, рекол тој.

„Не, не сте во право“ – викала Марија. „Дојдете овде и поправете ми ги телевизиските програми“.

Кратко време потоа, дошол човек и поминал низ сите ТВ-канали. Сè си работело нормално. Марија останала без зборови.

Отишла в кревет, но не можела да престане да размислува за Исус. Тогаш се сетила на Библијата. Единствен начин да престане да размислува за Исус е да чита за него. Така решила и го сторила тоа.

Наредното утро го повикала својот роднина да дојде. „Што се случува?“ – го прашала држејќи ја Библијата. „Кажи ми“.

Нејзиниот роднина, Хамаду, учел во христијанското училиште во Сиера Леоне, и ја препознал Библијата. „Кој ти ја даде таа Библија?“ – прашал.

Ја добив од еден пастор“, одговорила.

„Што сакаш да правиш со неа“ – прашал. „Ти не знаеш да читаш“.

„Види, ти одеше на училиште“. „Сакам да ми помогнеш да ја читам оваа книга – Библијата. Научи ме да читам“.

Хамаду ја отворил Библијата.

„Оче наш кој си на небесата, да се свети името Твое“, читал тој. „Да дојде царството Твое; да биде волјата Твоја и на земјата како на небото“.

Хамаду читал додека не дошол до крајот на Господовата молитва. „Дали си задоволна?“ – ја прашал.

Марија го замолила да ги подвлече овие стихови.

Хамаду се смеел. Се смеел толку силно што заплакал од смеење.

„Ти никогаш не одеше на училиште!“ – рекол. „Како ќе читаш?“

Сепак, ги подвлекол тие стихови. Потоа, ѝ помогнал на Марија да ги запомни стиховите.

Таа вечер, Марија ја зела Библијата и ја пронашла Господовата молитва. Иако никогаш не учела да чита, увидела дека успева да чита. Ја свртела страницата, и на свое изненадување сфатила дека може да ги чита и другите стихови.

Наредното утро, Марија не можела да дочека да разговара со Хамаду.

„Ми се смееше вчера, затоа, дозволи ми да ти покажам дека умеам да читам“, рекла.

„Нема шанси“, изјавил. „Дури ни во сон не можеш да читаш“.

Марија ја отворила Библијата на случајна страница и почнала да чита. Хамаду изгледал запрепастено, а потоа, исплашено.

„Како успеа да го направиш тоа?“ – прашал тој.

„Роднино, тоа е човечка интелигенција“, рекла со насмевка на лицето. „Ако навистина веруваш дека можеш нешто да направиш, ќе го направиш“.

Од тој момент Марија ја читала Библијата секој ден. Подоцна сфатила дека Исус бил тој кој ѝ дал способност да ја чита Библијата. Набргу го предала своето срце во Негови раце.

Христијанската адвентистичка црква се соочува со огромни предизвици во ширењето на евангелието во Гвинеја, каде христијаните претставуваа само 7% од популацијата, а многу луѓе се непријателски свртени кон христијанството.

Дел од даровите на 13-тата сабота за ова тримесечје ќе се употреби за изградба на академијата Кобаја, училиште од 1 до 12 одделение во Конакри во Гвинеја. Во тоа училиште многу деца од нехристијанските семејства ќе можат да ја запознаат Исусовата љубов. ❐

## Во врска со искуството

- Списанието на Адвентистичката мисија не го наведува вистинското име на Марија поради нејзината безбедност. Фотографијата ги прикажува нејзините раце. Хамаду е псевдоним.
- Прочитајте ја сторијата за Марија и наредната седмица како и онаа последна седмица во тримесечјето.
- Симнете ги сликите од фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од Базата на податоци АДАМС (bit.ly/maria-in- guinea).
- Сликите за проектите на 13. сабота може да ги симнете од: bit.ly/WAD-2020.



# Мајка со убиствени намери

ГВИНЕЈА | 19 септември 2020

**Марија, 29**

Мајка ѝ се налутила кога од роднината Хамаду дознала дека нејзината ќерка, Марија, има Библија.

Мајка ѝ ја одгледувала Марија во нехристијанска светска религија во западноафриканската држава Гвинеја, и не сакала нејзината ќерка да стане христијанка. Мајка ѝ дошла во куќата на Марија во Конакри.

„Каде е твојата Библија?“ – прашала.

„Во мојата спална соба“, одговорила Марија.

Мајка ѝ отишла во спалната соба. Насекаде гледала, но не можела да ја пронајде. „Никаде не ја видов Библијата“, рекла мајката.

Марија изненадено погледнала во спалната соба. Библијата видливо стоела на наткасната.

Наредната сабота, Марија отишла во црква по втор пат. Не отишла на работа во големата продавница што ја поседувала. Мајка ѝ не сфаќала зошто го прави тоа.

„Каде беше?“ – ја прашала.

„Во црква“, ѝ одговорила.

Мајка ѝ изгледала вознемирено. Марија не знаела дека нејзината семејна религија се спротивставува на христијанството, па дури и подучувала дека е добро дело да се убие член од семејството што станал христијанин.

„Мајко, среќна сум што можам да работам во текот на седмицата, но јас повеќе не можам да работам во сабота“, рекла Марија.

Од тој ден мајката почнала да ја малтретира.

„Попрво би сакала да те видам мртва, отколку што гледам како нè обесчестуваш“, рекла таа.

Кога претепувањата не ја промениле решителноста на Марија да оди в црква, мајка ѝ ја блокирала нејзината банкарска сметка. Марија, која навикнала да живее луксузен живот, била збунета кога изгубила пристап до своите средства. Мајката за тој проблем ги обвинувала адвентистите.

„Тие христијани некако успеаја да ги украдат твоите пари“, ѝ рекла.

Марија не се откажала од своите убедувања.

„Научив дека кога имаме некој проблем, потребно е да се молиме и да го предадеме на Исус“, рекла.

Претепувањата продолжиле. Потоа мајка ѝ го повикала сопру-

## Во врска со искуството

- Списанието Адвентистичка мисија не го наведува вистинското име на Марија поради нејзина безбедност. Фотографијата ја прикажува со Џејкоб Гбалу. Хамаду е псевдоним.
- Читајте ја сторијата за Марија следната седмица.
- Симнете ги сликите од фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од Базата на податоци АДАМС (bit.ly/maria-in- guinea).
- Сликите за проектите на 13. сабота можете да ги симнете од: bit.ly/WAD-2020.

гот на Марија, полигамист, кој живеел со друга жена во Германија. По телефонскиот повик, ја ставил Марија пред избор.

„Избери меѓу мене и твојот Бог, Исус“, рекол тој.

„Дозволи ми да ти поставам едно прашање“, рекла Марија. „Дали можеш да заборавиш на твојот Бог поради мене?“

„Не, никогаш“, одговорил.

Зошто тогаш бараш од мене да бирам меѓу тебе и мојот Бог Исус?“ – прашала.

По овој разговор тој одбивал да се јавува на телефон кога Марија му се јавувала.

Кога мајка ѝ увидела дека таа и понатаму се држи до својата вера, објавила дека ќе преземе драстични мерки.

„Ќерко моја, бидејќи не ме слушаш, ќе морам да те убијам“, рекла.

Неколку дена подоцна, дошла во куќата на Марија и ѝ го подготвила омиленото јадење.

Марија не знаела дека тоа јадење содржело смртоносен отров. Кога јадењето било подготвено, мајка ѝ ја замолила Марија да го донесе тенџерето и да го стави на маса. Марија била гладна, но сакала најпрво да се избања. Ветила дека ќе јаде попосле, а мајка ѝ си отишла.

Кога Марија се избањала, некоја мачка се појавила од некаде и скокнала на масата и го превртела тенџерето. Марија немала мачка. Таа вечер, мајка и ѝ се јавила за да види како се чувствува.

„Добро сум, многу добро“, одговорила.

Изненадувањето на мајка ѝ преку телефон било очевидно.

Неколку дена подоцна, роднината Хамаду и сипал отров во шишето од коешто пиела вода. Откако ја испила водата, Марија почнала да се витка од силни болки во стомакот.

Хамаду ја видел нејзината агонија и ѝ признал што направил.

„Извини“, рекол. „Врачот ми кажа да го ставам во твојата вода како ’лек’, за да го исчисти твоето тело“.

Марија веднаш го повикала Џејкоб Гбалу, претседателот на Христијанската адвентистичка црква, да се моли за неа. Тој дошол кај неа, и ѝ дал пет апчиња со јаглен, а половина час подоцна таа повратила.

Истата вечер ѝ се јавил врачот да провери дали Марија е мртва. Бил шокиран кога слушнал дека таа се јавила на телефон.

Мајка ѝ побарала помош од

еден роднина. Тој дошол во домот на Марија со двајца пријатели и со отров во шприц. Откако ја испратил домашната помошничка надвор од куќата, веднаш го вбризгал отровот во левата рака на Марија и побегнал.

Куќната помошничка не отишла далеку од куќата кога се сетила дека го заборавила својот мобилен телефон. Ја нашла Марија како лежи на подот онесвестена со шприцот во близина. Знаејќи дека Цејкоб и Марија се пријатели, го повикала да помогне. Пасторот и двајцата верници на црквата дошле и ја одвеле Марија во централата на црквата и таму се молеле за неа. Таа се повратила и закрепнала.

Марија не се сомнева дека Исус се грижи за своите деца.

„Тој може да ги реши сите кризи, затоа што ги препознава и пред да се случат", изјавува таа. Псалмот вели: „Нашиот Бог е Бог Кој спасува; во власта на Господ е избавувањето од смртта" (Псалм 68,20).

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе биде употребен за изградба на академијата Кобаја, училиште од 1 до 12 одделение во Конакри, во Гвинеја. ❒

## Програма на 13-тата сабота

| | |
|---|---|
| ➢ Почетна песна | „Со срце в Бога верувам" - Од Песнарката на Христијанската адвентистичка црква, бр. 229 |
| ➢ Добредојде | Водачот на саботната школа |
| ➢ Молитва | |
| ➢ Програма | „Конечно слободна" |
| ➢ Дар | |
| ➢ Завршна песна | „Сигурен сум во Христа" - Од Песнарката на Христијанската адвентистичка црква, бр. 148 |
| ➢ Завршна молитва | |

**Забелешка:** *Учесниците не мора напамет да ги учат своите делови, туку да бидат доволно запознати со материјалот, за да не мора да читаат сè од текстот. Извежбајте ја целокупната програма за учесниците да можат да се чувствуваат пријатно и по потреба да го нагласат она што сметаат дека е важно.*



# Конечно слободна

ПРОГРАМА НА 13. САБОТА | 26 септември 2020

**Марија, 29**

Мајка ѝ ги зела работите во свои раце бидејќи не успеала да ја убеди својата ќерка Марија да се откаже од Христа.

Мајка ѝ ставила апче за спиење во пијалакот на Марија додека седеле во еден ресторан. Со помош на помладата сестра на Марија, ја пренела својата ќерка, која била во бесознание, до колата и ја однела во своето родно село во Гвинеја.

И петгодишниот син на Марија, Марко, бил со нив.

Мајка ѝ била богата сопственичка и на семејниот имот во селото имало повеќекатница, луксузна куќа за гости, и неколку други згради. Околу имотот имало голема ограда, а чуварот бил на влезната капија. Марија била заклучена во спалната соба.

Мајка ѝ имала злобен план. Го ангажирала нигеријскиот врач, кој требало да го промени сфаќањето на Марија за Исус.

„Никогаш нема да се откажам од Исус, дури и ако ме убиете", рекла Марија кога го здогледала врачот. „Јас ќе го славам Исус дури и ако не одам во црква. Исус е насекаде".

Врачот злобно се насмевнал.

„Но, дозволи ми да ти кажам дека јас имам нешто многу појако од твојот Исус".

Помешал некој чуден прав со вода и ја натерал Марија да ја испие. Подоцна, со таа чудна течност ѝ го намачкал целото тело.

„Откажи се од Исус или умри", рекол. Но, Марија одбила.

„Никогаш нема да се откажам од Исуса", одговорила таа.

Мајката му помагала на врачот во извршувањето на работата. Еден ден, ставила чудна течност врз лицето на Марија. На нејзиното лице се појавиле чирови, и следниот ден почнале да крвават.

Синот на Марија, Марко не можел да сфати што се случува со неговата мајка. Кога го видел лицето на својата мајка покриено со чирови, заплакал. Меѓутоа, се сетил, дека се молел со својата мајка секоја вечер пред да заспие. Ја замолил својата тетка Наѓа, помладата сестра на Марија да се моли за него. Наѓа се согласила, но најпрво требало да биде сигурна дека мајка ѝ не е некаде во близина.

„Исусе, Те молам спаси ја мајка ми", се молел Марк. „Помогни ѝ да оздрави".

Поминале седум месеци.

Марија толку многу ослабела што едвај можела да се движи. Нејзиното тело се чувствувало како да гние. Наѓа била толку исплашена и повикала еден пријател на Марија, кој бил адвентист.

„Марија умира“, рекла. „Ве молам, молете се.

Пријателот побарал да разговара со Марија, но Наѓа му објаснила дека нејзината сестра е премногу слаба. Со мобилниот телефон ја сликала Марија. Адвентистичкиот пријател заплакал кога ја видел сликата.

„Гледам дека вашата мајка сака да ја убие“, рекол. „Ќе ги повикам сите верници да се молат“.

Верниците од црквите насекаде во Гвинеја се моделе за Марија. По неколку дена, пријателот адвентист ја повикал Наѓа.

„Знам дека на Марија ѝ е тешко да патува, но дали можете да ѝ помогнете да побегне оттаму? Ќе ви испратам пари“.

Наѓа ветила дека ќе се обиде. Адвентистичкиот пријател го контактирал Џејкоб Гбалу, претседателот на Христијанската адвентистичка црква во Гвинеја, кој испратил пари за автомобилот што требало да ја превезе до Конакри, главниот град.

На Наѓа и се укажала таква можност во петок наутро, додека мајка ѝ била отсутна поради работата. Врачот ја напуштил куќата по налог на мајка ѝ, а Наѓа го испратила чуварот да купи нешто. Ја отворила капијата на вратата, го запрела првиот автомобил што поминал, го замолила возачот да ги однесе Марија и Марко во централата на црквата во Конакри и му платила.

Додека Марија и Марк патувале, се случила мала незгода во црковната зграда. Чуварот на црквата забележал кафена зелено-жолта змија на едно манго дрво во близина на влезната капија и повикал помош. Меѓутоа, кога дошле луѓето змијата некаде се скрила.

Подоцна тој ден, Марија и нејзиниот син стигнале и биле однесени во гостинската соба. Премореаната мајка веднаш заспала.

Следното утро, во сабота, старешините на црквата ја помазале Марија и се молеле за неа во црквата која се наоѓала на имотот. Додека се молеле, Марија се онесвестила и паднала на подот.

Кога се освестила, била збунета, а по целото тело имала болки. Мичел Гилавоги, извршниот секретар и благајник на адвентистичката црква во Гвинеја, ја пренел назад во гостинската соба да се одмори.

Додека спиела, кафената зелено-жолта змија се протнала низ прозорецот и се вовлекла во дупката на ѕидот, обидувајќи се да најде пат до собата. Тоа била истата змија од манго дрвото.

Еден верник од црквата ја забележал змијата и повикал помош. Група луѓе се собрале од другата страна обидувајќи се да ја наведат змијата да излезе од дупката.

## Во врска со искуството

- Списанието Адвентистичка мисија не го наведува вистинското име на Марија поради нејзина безбедност. Фотографијата ја прикажува со Џејкоб Гбалу. Хамаду е псевдоним.
- Фотографијата го прикажува нејзиниот син Марко. Наѓа е псевдоним.
- Симнете ги сликите од фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од Базата на податоци АДАМС (bit.ly/maria-in- guinea).
- Сликите за проектите на 13. сабота можете да ги симнете од: bit.ly/WAD-2020.

„Зошто го велиш тоа?“ – прашала Марија.

„Слушај“, рекла Надја. „Дали го слушаш звукот на сирената за брза помош?“

„Брза помош? Што се случило?“ – прашала Марија. „Да не ѝ се случи нешто на мајка ми?“

„Не, не на мама“, рекла Надја. „Врачот од Нигерија падна по скалите од вториот кат од куќата. Најпрво удри на главата и почина на лице место. Неговиот череп беше скршен“.

Некој направил импровизиран факел, ставајќи пластично ќесе попрскано со нафта на врвот од дрвениот стап и го запалил.

Кога го бутнал стапот во дупката, змијата излегла од дупката и паднала на земјата. Мичел скокнал на змијата и ѝ ја распарчил главата.

Неколку часови подоцна, заѕвонил телефонот на Марија. Тоа било повик од непознат број. Се плашела да се јави. Но, личноста од другата страна упорно ѕвонела.

„Ако толку упорно повикува, тоа мора да е нешто важно“, рекол еден црковен пријател. „Одговори на повикот“.

На телефон била помладата сестра на Марија, Надја, и ѝ рекла: „Сакав само да ти кажам, дека имаш доволно време да заздравуваш. Сега знам дека ќе ти биде подобро“.

Наредниот ден, чировите на телото на Марија почнале да исчезнуваат.

Марија се откажала од сè поради Исуса – од луксузниот дом, од успешната продавница, двата автомобила и од удобниот живот. Мајка и ѝ понатаму сакала да ја убие, па така таа и Марко се криеле. Но, нејзината љубов кон Исус е силна. Таа се моли да стане мисионер меѓу својот народ.

„Јас сонувам да го видам својот народ преобратен, како христијани“, вели таа. „Сакам да им зборувам за Исус. Не можам да ја држам вистината само за себе. Треба на својот народ да му сведочам за радосната вест.

Христијанската адвентистичка црква се соочува со огромни предизвици во ширењето на евангелието во Гвинеја и другите делови од Западната централноафриканска дивизија.

Можете да им помогнете на луѓето како што се Марија и Марко така што денес ќе ги приложите своите дарови на 13-тата сабота.

Дел од овие средства ќе бидат употребени за изградба на академијата Кобаја, училиште од 1 до 12 одделение во Конакри во Гвинеја, каде Марија би сакала Марко еден ден да го стекнува своето образование. Вашите дарови ќе бидат употребени и за изградба на училишта во Либерија и медицински центар во Нигерија.

Ви благодариме што ги имаме Марија, Марко и адвентистичкото дело во Западната централноафриканска дивизија во своите молитви. ❐

(*Приложување на даровите проследено со инструментална музика*)

## Идни проекти на 13. сабота

Проектите кои ќе бидат приоритет во текот на следното тримесечје доаѓаат од Јужноазиската дивизија при Генералната конференција на адвентистичката црква:

- Спална соба за момчиња при Академијата Гармар, Рајанагарам, Андра Пратеш.
- Пет училници во Адвентистичкиот колеџ Флејз, Рустумбада, Андра Прадеш.
- Црковна зграда во Амритсар, Панџаб.
- Црковна зграда во Ранч, Џарканд
- Студентски дом во адвентистичкото училиште Варанаси, во Утар Прадеш.
- Втора фаза од училишната зграда на Адвентистичкиот колеџ Рурки, Рурки, Утараканд.
- Нови црковни згради во Централна Канада и Саванагар Тамил, Карнатака.
- Две училници во Адвентистичката англиска гимназија, Азам Нагар, Карнатака.
- Спална соба за момчиња при средното училиште „Е. Д. Томас Меморијал “, Танџавур, Тамил Наду.
- Кабинети и библиотека во Адвентистичкото средно училиште „Тирумала“, Тируванантапурам, Керала.
- Училишна зграда при Адвентистичкиот факулт Спасјер во Ахеревада, Махараштра.

# Извори на информации за читателите

**За повеќе информации** за разновидното културно наследство на Либерија, Габон и Гвинеја (ЗЦАД) обратете се во својата локална библиотека или патничка агенција или амбасадата за саканата земја. Напишете го називот на земјата во вашиот интернет пребарувач.

***Следните вебсајтови можат да ви бидат од полза:***

**Liberia**: government websitebit.ly/LibGovt
World Travel Guidebit.ly/WTGLiberia

**Gabon**: government websitebit.ly/GabGovt
Wanderlustbit.ly/WLGabon

**Guinea**: government websitebit.ly/RepGuiGovt
Lonely Planetbit.ly/LPGuinea

**Seventh-day Adventist**

West-Central Africa Divisionbit.ly/SDAWAD

Адвентистичкото Мисионско ДВД **е бесплатен прилог на списанието во кое можат да се видат искуствата од земјите за кои зборувавме, како и за Светската Мисија на Адвентистичката Црква. Замоли го водачот на саботната школа да ти направи една копија од ДВД, или оди на** www.AdventistMission.org
www.AdventistMission.org/dvd.

Мисионерското списание и на социјалната мрежа фејсбук.
**Читајте, коментирајте, споделувајте, ставете „ми се допаѓа“ на нашите стории на** www.facebook.com/mission-quarterlies.

**Средство за остварување на целта**

Ќе помогне вниманието да се фокусира на светската мисија и да се зголеми седмичното мисионско дарување. Сосредоточете го своето внимание на светската мисија и зголемете ги седмичните мисионски дарувања.

Побарајте од вашиот Одбор на саботната школа да ја постави целта за вашите мисионски дарувања. (Поставете повисока цел од онаа што била за минатото тримесечје, поделете ја сумата на 14 делови – (12 редовни тримесечни делови и два дела за тринаесеттата сабота). Покажете го неделниот графикон на напредок кон поставената тримесечна цел.

Потсетете ги верниците исто така дека активностите на светската црква зависат од седмичните мисионски дарови на саботната школа. Дванаесеттата сабота поднесете извештај за мисионскиот дар собран во текот на тримесечјето и потсетете ги членовите на саботната школа да ги приготват своите дарови на тринаесеттата сабота за наредната седмица.

Оваа информација за собраните средства мнозина ќе ги охрабрат да продолжат да ги приложуваат своите мисионски дарувања.

**ГРАДИВО 3/2020**
**Вести, искуства од светот**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Подготовка и техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Коригирал:**
Томе Трајков

**Одговара:**
Томе Трајков

ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА